Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 02-1241/7
17-05 2019 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015,61/2015, 39/2016 и 64/2018 ) и член 22 од Статутот на ЈП Комуналец – Кавадарци, Управниот одбор на седницата на ден 15.05.2019 год ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на тримесечен извештај**
**за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2019 година**

**Член 1**

Се прифаќа тримесечниот извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2019 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на давањето на согласност од Советот на Општина Кавадарци.

ЈП Комуналец - Кавадарци
Управен одбор
Претседател
_______________
/м-р. Марјанчо Павлов/

Друштво за производство на електрична енергија и услуги МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ
Бр. 01-121/1
27-05 2019 год.
КАВАДАРЦИ

**Тримесечен извештај за работењето на МХЕЦ Лукар 1,2,3 и 4 за 2019 год.**

Работењето на мини хидро централите за првите три месеци, како и производството на ел.енергија се одвиваше со проблеми вообичаени за овој период од годината.

Во месец **Јануари** имавме проблеми со поголеми наноси на снег и пониски температури од вообичаено. Од овие причини во повеќе наврати доаѓаше до замрзнување на решетките и погоеми наноси на лисја на извориштата, па се манифестираше со намален доток на вода од над 30%, а со тоа и намалено производство на ел.енергија.Поради енормното зголемено уклучување и исклучување во овој период што поради немање на вода што поради големите наноси на снег , на МХЕЦ – 2 и 3 дојде до пукање на осовините на хидрауличните вентили на бај-пасот кои беа успешно санирани од наша страна.

Во месец **Февруари** имавме застои на МХЕЦ-2 поради пробивање на генераторскиот прекинувач и негово не уклучување, но по неговата промена производството продолжи без некои поголеми проблеми. На МХЕЦ-4 санација на лагер на турбинско коло поради појава на зголемени вибрации. Во овој месец имавме и чистење на пристапните патишта на МХЕЦ-3 и 4.

Во месец **Март** поради зачестените исклучувања од претходните месеци се изврши контрола на далноводот во наша сопственост, па проблематичните позиции беа пријавени во шумското стопанство,од чија страна се изврши маркирање а ние извршивме сечење на дрвјата кои пречеа на далноводот. На делницата МХЕЦ-2 према МХЕЦ-3 се изврши промена на два воздушни вентили. На МХЕЦ-2 ни се појави зголемување на реактивната енергија што е моментално решено но имаме потреба од нарачка на нови кондензаторски батерии зошто постоечките е потребно да се заменат (дел се пробиени дел ослабени).

Во табелите што следат е прикажано производството на секоја централа поединечно по месеци, збирно, планирано како и споредбено со претходната 2018 год. изразено во KW.

| | **Јануари** | **Февруари** | **Март** | **Вкупно** | **Планирано** | **2018** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МХЕЦ Лукар1 | 74,471 | 72,908 | 82,286 | 229,665 | 241,202 | 240,412 |
| МХЕЦ Лукар2 | 104,008 | 105,650 | 119,869 | 329,527 | 359,666 | 348,406 |
| МХЕЦ Лукар3 | 110,016 | 115,675 | 129,468 | 355,159 | 381,356 | 380,526 |
| МХЕЦ Лукар4 | 232,911 | 226,432 | 252,332 | 711,675 | 730,470 | 706,410 |
| **Вкупно** | **521,406** | **520,665** | **583,955** | **1,626,026** | **1,712,694** | **1,675,749** |

Од табелата се гледа дека производството на електрична енергија е помало од планираното за ова тромесечие за околу 5% што се должи на застоите кои се опишани погоре, и е вообичаено за овој период од годината поради самите влошени природни услови на работа кои се од минлив карактер.

Кавадарци:

08.04.2019 год.

Управител:

О. Клинчаров дипл.инг.

О. Клинчаров

**ПРЕГЛЕД**
**на приходи и расходи од 01.01.2019 г до 31.03.2019 г на МХЕЦ ДООЕЛ Кавадарци**

| Конто | Приходи | 2018год. | 2019год. |
|---|---|---|---|
| 740 | Приходи од електрична енергија | 5997133 | 4752109 |
| 774 | Приходи од камата | 34 | 120 |
| | **Вкупни приходи** | **5997167** | **4752229** |

| Конто | Трошоци | 2018год. | 2019 год. |
|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени суровини и материјали | 1864 | 170125 |
| 402 | Потрошено гориво | 25498 | 25514 |
| 403 | Потрошена електрична енергија | 42262 | 18456 |
| 411 | ПТТ | 19691 | 16762 |
| 414 | Закупнина | 3000000 | 4500000 |
| 419 | Непроизводни услуги | 12400 | 133935 |
| 420 | Бруто плата | 536555 | 520233 |
| 430 | Амортизација | 2417 | 84393 |
| 440 | Патарина од д невници | 1740 | 1080 |
| 444 | Репрезентација | 6780 | 31710 |
| 445 | Осигурување | 12046 | 0 |
| 446 | Банкарски услуги | 1864 | 2014 |
| 449 | Други непроизводни услуги | 19308 | 11750 |
| 470 | Камата | 284 | 72 |
| | **Вкупни Трошоци** | **3682709** | **5516044** |
| | **РАЗЛИКА** | **2314458** | **-763815** |

Изработил:С Јорданова

Управител :О.Клинчаров

МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци
Друштво за производство на електрична енергија и услуги